ЗЕЛС

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИНТЕГРИРАЊЕ НА РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА ВО ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ И БУЏЕТИ



**Заедница на единиците на локална самоуправа**

# Методологија за интегрирање на родовата перспектива во локалните политики и буџети

Скопје, 2020 година

Методологијата за интегрирање на родовата перспектива во локалните политики и буџети е изработена од страна на д-р Марија Ристеска, во соработка и консултација со работната група за родово одговорно буџетирање на ЗЕЛС.

Оваа публикација е дел од проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за родово одговорни политики и буџети“, спроведен од ЗЕЛС во рамките на проектот на UN Women „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој - Сида.

Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не ги претставуваат мислењата и ставовите на UN Women, на Обединетите нации или на другите придружни организации.

## Содржина


Вовед .... 5

Зошто родова еднаквост на локално ниво? .... 5

Методологија .... 6

Предуслови .... 6

Како до родова интеграција во политиките и буџетите? .... 8

Чекор 1: Анализа на состојбите во однос на жените и мажите во дадениот сектор .... 8

Чекор 2: Анализа на политиката и нејзината чувствителност кон родовите прашања .... 8

Чекор 3: Анализа на буџетски алокации и трошоци .... 9

Чекор 4: Родова анализа на обезбедувањето на услуги .... 9

Чекор 5: Родова анализа на очекуваните резултати .... 9

Видови родови политики, програми, буџети .... 10

Родово неутрални .... 10

Родово специфични .... 10

Родово трансформативни/редистрибутивни .... 10

Алатки за проверка дали програмите и буџетот имаат интегрирано родова перспектива .... 11

А) Родова листа за проверка .... 11

Б) Родов семафор .... 12

АНЕКС 1: Перформанс индикатори .... 13

Листа на кратенки

АМСМ - Авто-Мото Сојуз на Македонија

МВР - Министерство за внатрешни работи

ДЗС - Државен завод за статистика

ЕВН - Претпријатие за дистрибуција на електрична енергија

АВРМ - Агенција за вработување на Република Северна Македонија

ФЗО - Фонд за здравствено осигурување

МТСП - Министерство за труд и социјална политика

ХИВ/СИДА - вирус причинител на имунитетски недостаток кај човекот/Синдром на стекнат имунолошки дефицит

ИЈЗ - Институт за јавно здравје

МЗ - Министерство за здравство

СБ/WB - Светска банка/World Bank

UN - United Nations

ЕБОР (EBRD) - Европска банка за обнова и развој

МБОР (IBRD) - Меѓународна банка за обнова и развој

## Вовед

Оваа Методологија е наменета за вработените во локалните самоуправи и има за цел да го опише процесот на интегрирање на родовата перспектива во локалните политики и буџети.

Во согласност со уставот на Република Северна Македонија, на граѓаните им се гарантира еднаквост во слободите и правата „независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло и верското уверување, имотната и општествената положба граѓаните се еднакви пред Уставот и законите". „Еднакви [...] независно од полот", како уставна вредност понатаму е преточена и детално елаборирана  во повеќе законски акти, меѓу кои и Законот за еднакви можности на жените и мажите во кој се третира родовата еднаквост и прашањата поврзани со постигнување на оваа цел, како на пример заштитата од дискриминацијата врз основа на пол.

Родовата еднаквост, исто така, претставува и една од темелните вредности на Европската Унија, воспоставена уште со Договорот од Рим (1957 година) со којшто се воведува принципот на еднаква плата за еднаква работа за понатаму да се третираат и бројни прашања во насока на намалување на јазот меѓу жените и мажите во сите сфери на општественото живеење. Северна Македонија како земја аспирант за членство во ЕУ, силно (барем што се однесува до правната рамка) се залага за остварување на оваа цел и како дел од ЕУ реформската агенда, и како дел од агендата за јавни политики. Сепак, и во земјите од ЕУ и земјите аспиранти јазот меѓу жените и мажите сè уште постои и затоа неопходни се поангажирани напори за да се постигнат поставените краткорочни и долгорочни цели.

Во таа насока, овој документ ја третира родовата еднаквост на локално ниво, тргнувајќи од фактот дека граѓаните се најнепосредно изложени на институциите на локалната самоуправа, кои преку процесот на креирање на политики во голема мера го обликуваат секојдневниот  живот на граѓаните. Меѓутоа, поради недоволната претставеност на жените во институциите и во процесот на креирање на политики на локално ниво, честопати се случува донесените одлуки да не ги вклучуваат потребите на жените и останатите помалку претставени групи.

Методологијата за интеграција на родовата перспектива во локалните политики и буџети е основана на Европската повелба за еднаквост на жените и мажите во локалните заедници[1] - Европската повелба донесена од Конгресот на европски општини и региони и неговите партнери, како и Стратегијата за родова еднаквост на ЗЕЛС (2018-2030). Опишаните методи се основани на учењето на Дајан Елсон[2].

## Зошто родова еднаквост на локално ниво?

Еднаквоста меѓу жените и мажите е едно од основните права коешто воспоставува основни вредности за секоја демократија. Со цел да биде остварено, ова право не треба само да е регулирано, туку и ефективно да биде применето во сите сфери од животот: политичката, социјалната, економската и културната.

Во Европската повелба за локална самоуправа на Советот на Европа од 1985 година[3], потпишана и ратификувана од мнозинството европски држави, се нагласува „правото и способноста на локалните власти, во рамките на законот, да регулираат и да се справат со значаен дел од прашањата од нивна надлежност и во интерес на локалното население". Имплементацијата и промовирањето на правото на еднаквост мора да биде во сржта на овој концепт на локална самоуправа. Локалната самоуправа тоа го прави  со интеграција на родовата перспектива во програмите и буџетите и со интензивното учество на жените во развојот и имплементацијата на локалните политики и буџети.

Европската повелба го вбројува рамноправното учество на жените и мажите при донесувањето на одлуки како предуслов за демократско општество правото на еднаквост помеѓу половите, бара

[1] Европска повелба за еднаквост меѓу жените и мажите во локалниот живот, Совет на европските општини и региони, достапна на интернет: https://www.ccre.org/docs/charte_egalite_en.pdf (последен пат посетена на 15/01/2021)

[2] Risteska, M. Ahmetovic, A., Dzuric Kuzmanovic, T. Klatzer, E. (2013) Gender responsive budgeting: Textbook for Universities, UNWOMEN

[3] Европска повелба за локална самоуправа, Совет на Европа, 1985 година,  достапна на интернет https://rm.coe.int/european-charter-for-local-self-government-english-version-pdf-a6-59-p/16807198a3

локалните и регионалните власти да ги преземат сите соодветни стратегии, со цел да се промовира балансирана застапеност и учество на мажите и жените во сите сфери на одлучувањето.[4]

Интегрирањето на родовата перспектива во локалните политики и буџети, пак, според европската повелба, е неопходно за да се подобри еднаквоста меѓу двата пола. Родовата перспектива мора да се земе предвид при изработката на политиките, регулативите, методите и инструментите кои влијаат на секојдневното живеење на локалното население- на пример, со техниките „родова интеграција“[5] и „родово одговорно буџетирање“[6] .

## Методологија

Родовата интеграција во политиките и буџетите ги влече своите корени од 1995 година кога на Четвртата светска конференција на Обединетите нации за жените одржана во Пекинг, е разработена е стратегија за третирање на родовата еднаквост како општествено прашање.

На тој начин, за првпат со интеграцијата на родовиот аспект во јавниот живот родовата еднаквост станува дел од јавната политика и родовите прашања влегуваат во политичкиот дискурс. Родова интеграција (gender mainstreaming) подразбира (ре)организација, унапредување, развој и евалуација на политичките процеси, со цел перспективата за родова рамноправност да се вклучи во сите политики, на сите нивоа и во сите фази, од страна на чинителите кои вообичаено се вклучени во креирањето на политиките.

Клучно во родовата интеграција е идентификувањето, препознавањето и решавањето на недостатоците во родовата еднаквост со соодветни мерки: родово сензитивни активности и афирмативни акции, во корист на обесправената страна.

Родово одговорното буџетирање, пак, е пристап кој е дизајниран да ја инкорпорира родовата димензија во сите фази на буџетскиот циклус, така што не се фокусира само на буџетот, туку вклучува анализа на политики, имплементација, следење на постигнувањата и евалуација на резултатите од родов аспект, односно колку се унапредува родовата еднаквост.

## Предуслови

За да може да се направи родова интеграција во политиките и буџетите потребно е општината да има политичка волја за унапредување на родовата еднаквост. Без политичка поддршка, без заложба на градоначалникот/-чката и Советот на општината кон постигнување на родова еднаквост нема да може да се усвојат програми и буџет кои се родово сензитивни. Политичката волја може да ја изразиме на различен начин. Најпрво, со тоа што општината ќе ги преземе обврските за постигнување на родова еднаквост од меѓународните правни документи, како на пример Европската повелба за родова еднаквост во локалниот живот. ЗЕЛС е промотор на Европската повелба во Северна Македонија, и доколку вашата општина сè уште ја нема потпишано, обратете се во Заедницата на единиците на локалната самоуправа за да ве упатат како да пристапите кон повелбата.

Некои општини ја имаат изразено својата политичка волја за унапредување на родовата еднаквост преку усвојување на Стратегија за родова еднаквост[7].

Политичката волја се изразува и преку интеграција на родовата перспектива во програмите кои ги усвојува општината и буџетот. На пример, доколку декларирате јасна определба дека програмата која ја креирате и имплементирате има воведено родов аспект, ќе изразите политичка волја за унапредување на родовата еднаквост.

---

[4] https://www.ccre.org/img/uploads/piecesjointe/filename/charter_egalite_mk.pdf

[5] Според Советот на Европа родова интеграција е вклучување на родовата перспектива во целиот процес на креирање локални политики. Тоа означува процес на реорганизација на планирањето, развојот и имплементација на политиките, со цел да се одгвоори на различните потреби на мажите и жените и да се унапреди родовата еднаквост.

[6] Родово одговорното буџетирање претставува воведување на принципот на родовата рамноправност во буџетските процеси. Тоа подразбира родово заснована проценка на буџетот, вклучување на родовата перспектива на сите нивоа на буџетскиот процес и реструктуирање на приходите и расходите, со цел унапредување на родовата рамноправност.

[7] Град Скопје, Општина Битола, Општина Струмица, Општина Ѓорче Петров, Општина Кочани и Општина Охрид се неколку општини кои имаат своја стратегија.

Неколку начини како да ја декларирате политичката волја за унапредување на родова еднаквост при интеграција на родовата перспектива во програмите и буџетот на вашата општина кои ги усвојувате:

- ✓ *Оваа програма е родово сензитивна;*
- ✓ *Оваа програма има за цел да воведе родова перспектива во областа (спорт, образование, социјална заштита итн.);*
- ✓ *Со оваа програма се унапредува родовата еднаквост;*
- ✓ *Буџетот на општината ги зема предвид потребите на жените и мажите и е родов буџет;*
- ✓ *Буџетот на општината рамноправно ги распределува приходите на општината за потребите на жените и мажите, момчињата и девојчињата.*

Вториот предуслов за да може да се направи интеграција на родовата перспектива во програмите и буџетот е да имаме човечки ресурси во администрацијата на општината кои ќе ги разгледуваат програмите и буџетот од родова перспектива. Според Законот за еднакви можности на жените и мажите8 тоа е институционалниот механизам за унапредување на родовата еднаквост: координаторот за еднакви можности и комисијата за еднакви можности.

Во некои општини се воспоставени и интерсекторски групи за родово одговорно буџетирање кои ги сочинуваат претставници на секторите/одделенијата и кои во координација на координаторот/-ката за еднакви можности и комисијата за еднакви можности вршат родова анализа на мерките на основа на која предлагаат измени, нови мерки и сл.

Најважно за овој предуслов е, всушност, свесноста и знаењето на овие човечки ресурси за родовата еднаквост: познавање на родовите концепти, влијанието на родовите стереотипи и родовите улоги врз нееднаквоста и сл. За да генерираат знаење и свест за родовите односи на еднаквост и/или нееднаквост во општината, координаторот/-ката за еднакви можности и комисијата за еднакви можности може да го направат следново:

- Да се сретнат со граѓаните и невладините организации/групи во својата општина и преку комисиите да ги вклучат жените во дизајнирањето на програмите и одлучувањето за приоритетите;
- Да направат контакт со министерствата, институциите и соодветните организации за да побараат податоци и да направат проценка на потребите и веројатното влијание на програмите/буџетите врз животот на жените и мажите;
- Да ги искористат седниците на Советот или на Комисиите за да дискутираат и побараат отчетност околу влијанието на политиките и програмите, нивната реализација и постигнати резултати.

Третиот предуслов за воведување на родовата перспектива во локалните програми и буџети е постоењето на родово разделени податоци на основа на кои ќе биде основана родовата анализа на програмите и буџетот. Родово разделените податоци или родовата статистика *„е статистиката која соодветно ги рефлектира разликите и нееднаквостите на состојбата помеѓу жените и мажите во сите сфери на животот“.*[9] Родовата статистика се однесува на сите, и на жени и мажи , и на девојчиња и момчиња. Родово разделените податоци ги имаат следниве карактеристики:

---

[8] Закон за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2012), Закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/2014), достапно на интернет https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2017/precisten%20 tekst%202015%20na%20ZEM_nov.pdf, последен пат пристапено на 15.1.2021 година

[9] UNSD The World’s Women 2005: Progress in Statistics

- Поделени се по пол;
- Ги рефлектираат родовите разлики или прашања;
- Основани се на концепти и дефиниции кои ги препознаваат разликите меѓу и жените и мажите;
- Се добиени преку користење на методи за собирање на податоци кои ги земаат предвид социо-културните фактори кои може да предизвикаат податоците да бидат необјективни/нереално да ја отсликуваат состојбата.

## Како до родова интеграција во политиките и буџетите?

Родовата интеграција во локалните програми и буџети се основа на родова анализа на истите. Родовата анализа е процес на анализирање на политиките и нивните резултати од аспект како тие се однесуваат на жените и мажите и дали ги предвидуваат (и избегнуваат) негативните влијанија врз родовите односи. Со родовата анализа се утврдува состојбата во која се наоѓаат жените и мажите; кои се нивните потреби во областа/секторот за кој/а правите/имплементирате програма; но и кои се родовите улоги на жените и мажите во оваа област кои треба да бидат земени предвид.

Оваа Методологија предвидува 5 чекори кои може да ги преземете, со цел да воведете родова перспектива во локалните програми и буџети.

## Чекор 1: Анализа на состојбите во однос на жените и мажите во дадениот сектор

Во овој чекор се дефинира статусот на жените и мажите во општината или секторот за кој подготвувате годишна програма. Притоа, се бара одговор на следниве прашања:

- Дали знаеме колкаво е учеството на жените и мажите, девојчињата и момчињата во секторот?
- Кои се специфичните проблеми на жените и мажите, девојчињата и момчињата во секторот?
- Кои се потребите на жените и мажите, девојчињата и момчињата во секторот?
- Каде се препознаваат родовите нееднаквости во секторот?
- Која е причината за ваквите нееднаквости?
- Кои се тешкотиите и проблемите во обезбедување на родова еднаквост во секторот кој е предмет на анализа?
- Кои се импликациите/резултатите од родовата нееднаквост во секторот?

Притоа, за да соберете податоци кои ќе ви ја отсликаат состојбата на девојчињата и момчињата, на жените и мажите во секторот потребно е да користите таканаречени перформанс индикатори за секторите кои се разделени по пол. Листата на перформанс индикатори е приложена во Анекс на методологијата. Истата е усогласена со индикаторите за одржлив развој кои Северна Македонија се заложи да ги исполни.

## Чекор 2: Анализа на политиката и нејзината чувствителност кон родовите прашања

Овој чекор опфаќа активности преку кои се изработува анализа на програмата и колку таа одговора на различните потреби на жените и мажите, на девојчињата и момчињата. Притоа, се бара одговор на следниве прашања:

- Дали потребите и интересите на жените и мажите, вклучувајќи ги и проблемите со кои се соочуваат, а се утврдени во претходниот чекор, се подеднакво пресретнати/одговорени во програмата?
- Кој ќе има корист од мерките во оваа програма и на кој начин?
- Кои се проблемите со кои жените и мажите се соочуваат во проценка на користа од овие програми?
- Какви промени може да предложат во тековните програми за да ја подобрат положбата на одредени групи на граѓани?
- Во која мерка целите на политиките и програмите во определен сектор соодветствуваат на дефинираните проблеми?

- Какви интервенции се преземаат за да се надминат тие проблеми?
- Дали е потребна дополнителна обука?
- Дали се потребни афирмативни акции кои ќе обезбедат еднакви придобивки и за жените?

> Притоа, внимавајте дали мерките кои се во програмата или кои ги формулирате предвидуваат:
> - Еднаков **ПРИСТАП** до ресурсите на жените и мажите
> - Еднаква **КОНТРОЛА** врз ресурсите за жените и мажите
> - Еднаква **КОРИСТ** од ресурсите за жените и мажите

## Чекор 3: Анализа на буџетски алокации и трошоци

Овој чекор опфаќа активности на анализа на планираните трошоци за спроведување на мерките и активностите предвидени со програмата. Притоа, овој чекор треба да одговори на следниве прашања:

- Дали програмата предвидува специфични трошоци за мерки наменети за жени? Овие трошоци се специфично насочени кон определена целна група (мажи, жени итн.)
- Дали програмата предвидува трошоци наменети за промоција на родовата еднаквост во општината или јавните служби кои се управувани од општината?
- Дали се предвидуваат средства за унапредување на еднаквата застапеност на жените и мажите во одлучувачките структури, обуки и стручно усовршување итн.?
- Дали програмата предвидува генерални трошоци или трошоци за мерки со кои се разбиваат родовите стереотипи, се трансформираат родовите улоги или се унапредува еднаквоста меѓу жените и мажите?
- Дали програмата предвидува мерки со кои се намалуваат родовите јазови во учеството на жените и мажите во јавниот живот, на пазарот на труд, се намалува јазот во плаќањата, се намалува стапката на насилство врз жените, итн.?

## Чекор 4: Родова анализа на обезбедувањето на услуги

Доколку програмата предвидува јавна услуга која треба да се достави на граѓаните, овој чекор опфаќа анализа на родовата перспектива во обезбедувањето на таа услуга. Имено, треба да се одговори на следниве прашања:

- Каков е дизајнот на услугата?
- Дали дизајнот одговара на потребите на жените и мажите?
- Како и кога ќе се доставува услугата?
- На кого се испорачува и за кого?
- Дали жените и мажите имаат еднаков пристап и корист од услугата?

## Чекор 5: Родова анализа на очекуваните резултати

Овој чекор опфаќа активности на анализа на предвидените резултати од спроведувањето на политиката од родова перспектива. Бидејќи секоја програма има своја/и цел/и која/кои утврдува/-ат што сакаме да постигнеме со реализација на програмата, потребно е барем една од потцелите на програмата да биде родова цел, доколку сакаме да постигнеме родова интеграција во програмите и буџетот. Целта ни покажува каде сакаме да бидеме.

За да измериме дали сме стигнале до целта потребно е на почетокот кога ја развиваме програмата, односно ја дизајнираме јавната услуга, да знаеме каде сме, од која точка тргнуваме во однос на вредноста која сакаме да ја постигнеме. На пример, ако целта е да го зголемиме опфатот на девојки во техничките науки за 10%, потребно е да знаеме на почетокот колку девојки во технички науки имаме запишано сега (кога ја развиваме мерката). Притоа, процентот на зголемениот опфат на девојките во техничките науки преставува родов индикатор со кој го мериме резултатот од имплементацијата на политиката.

Родовата анализа на очекуваните резултати треба да го измери и влијанието на програмите врз статусот на жените и мажите; дали предвидените мерки, активности и услуги обезбедуваат подобар пристап на жените и мажите до јавните ресурси (институциите, услугите, инвестициите, производите, јавните средства); дали мерките и/или услугите кои се обезбедуваат влијаат на намалување на родовата нееднаквост?

## Видови родови политики, програми, буџети

Во зависност колку е интегрирана родовата перспектива во локалните политики (стратегии), програми и буџетот разликуваме три вида на родови политики, програми и буџети.

### Родово неутрални

Родово неутралните локални политики, програми и буџети подеднакво ги третираат и жените и мажите, девојчињата и момчињата. Тие не се специфично насочени кон мажите или жените, не ги препознаваат нивните специфични потреби, нити разликите кои постојат меѓу нив. Овие политики уште се викаат и слепи политики за родовата нееднаквост која преовладува и не предвидуваат мерки кои се насочени кон унапредување на родовата еднаквост.

Накратко родово неутралните политики, програми и буџети:

- се однесуваат и на мажи и на жени, без да ги препознаат нивните специфични потреби, разлики и нееднаквоста меѓу нив;
- сепак, овој тип на креирање политики ги остава недопрени постоечките поделби на ресурси, одговорности, можности;
- во овој контекст, овие политики не го менуваат структурниот статус кво.

### Родово специфични

Родово специфичните политики, програми и буџети ги препознаваат потребите на жените кои произлегуваат од преовладувачките родови улоги и стереотипи и историската дискриминација на основа на полот и родот. Во таа смисла родово специфичните политики директно застапуваат унапредување на родовата еднаквост преку идентификација на стратешки пристап, мерки и активности кои ќе бидат специфично насочени кон жените, нивните потреби и интереси, во исто време посветувајќи внимание на потребите и интересите на мажите кои се различни од тие на жените. Разликите помеѓу родово специфичните политики, програми и буџети и родово слепите/неутралните се наоѓаат во анализата на родово специфичните ограничувања и оние разлики во потребите и интересите што се основани на претходни претпоставки за улогата на жените во општеството основани на родови стереотипи и формирани во процес на родова социјализација.

Накратко, родово специфичните политики, програми и буџети:

- предвидуваат мерки кои се наменети за одреден пол и се стремат позитивно да допринесат да се постигнат одредени цели на родова еднаквост или поефикасно да се задоволат одредени родово определени посебни потреби на жените и мажите,
- овие интервенции се најчесто од социјално-културен карактер, но може да имаат и поголемо влијание.

### Родово трансформативни / редистрибутивни

Родово трансформативните политики, програми и буџети препознаваат дека заради нееднаквоста во политичкиот и економскиот живот жените немаат ист пристап до социјалните и економските ресурси и не се подеднакво вклучени во носењето одлуки. Овие политики, програми и буџети уште се викаат и редистрибутивни затоа што нивната цел е да постават нов баланс преку редистрибуција на моќта и воспоставување на балансиран однос меѓу жените и мажите. Ваквите политики, програми и буџети се однесуваат на двата пола, истовремено и одделно и се обидуваат да го променат воспоставениот баланс меѓу жените и мажите во семејството, општеството, општината преку редистрибуција на финансиските ресурси, зајакнување на жените и трансформација на родовите односи.

Накратко, родово трансформативните политики, програми и буџети:

- се насочени кон жените или мажите (или/и двата пола) и го препознаваат постоењето на родово специфични потреби и ограничувања,
- тие во исто време се стремат да ги трансформираат постоечките родови односи преку редистрибуција на ресурси и одговорности,
- редистрибуцијата е најголемиот предизвик од сите интервенции на политики, бидејќи не се стреми единствено кон насочување на ресурси кон жените во постоечките општествени рамки, туку го става во прашање постоечкиот статус кво.

## Алатки за проверка дали програмите и буџетот имаат интегрирано родова перспектива

На основа на оваа трихомија може да се процени какви се политиките, програмите и буџетот на општината и да се донесе одлука дали да се поддржи или да се побара измена на програмата, стратегијата, буџетот. Улога да донесат ваква одлука имаат советниците во Советот на општината. За да им помогнеме во процесот на одлучување да донесат информирана одлука за тоа дали родовата перспектива е интегрирана во програмата, буџетот на општината оваа методологија нуди две алатки:

### А) Родова листа за проверка

Листата за проверка дали програмата или буџетот ја има интегрирано родовата перспектива и со тоа е родово одговорна е наменета за советниците во Советот на општината. Тие, при проценка на програмата, може да ги постават следниве прашања;

За да утврдат дали програмата е консултирана и е развиена со подеднакво учество на жените советниците може да ги постават следниве прашања:

- ✓ Кој учествувал во развојот на програмата? Дали имало консултација со заинтересираните страни? Дали имало балансирано вклучување на мажите и жените преку партиципативни модели на креирање локални политики?
- ✓ Дали Комисијата за еднакви можности и координаторот за еднакви можности на општината ја разгледале програмата и дале мислење за програмата?

За да утврдат дека програмата е основана на родова анализа на состојбите на жените и мажите советниците може да ги постават следниве прашања:

- ✓ Дали е направена претходна анализа на состојбата (статистичка, квалитативна на потребите на жените и мажите/ девојчињата и момчињата)?
- ✓ Дали програмата одговара на потребите на жените и мажите/девојчињата и момчињата утврдени во анализата на состојбата (статистичка, квалитативна)?

За да утврдат дали има родова анализа на целите и очекуваните резултати советниците може да ги поставaт следниве прашања:

- ✓ Дали програмата има родово одговорна цел? Која е родовата нерамноправност која сакаме да ја исправиме со спроведување на мерките од програмата?
- ✓ Дали програмата утврдува како спроведувањето на мерките ќе влијае на родовата еднаквост? Кое е влијанието на програмата врз жените и мажите? Кој ќе има корист од спроведувањето на програмата и мерките предвидени во неа?

За да утврдат дали буџетот е родово одговорен, советниците може да ги постават следниве прашања:

- ✓ Дали буџетските средства распределени за спроведување на мерките од програмата се доволни?

- ✓ Дали буџетските средства се подеднакво распределени за потребите на жените и мажите?
- ✓ Дали има еднаква распределба на јавните ресурси помеѓу жените и мажите (кој има пристап и кој ќе ги користи јавните ресурси кои се распределуваат)?
- ✓ Дали се користени родово одговорни формулари за одобрување на проектни апликации со кои се распределува општинскиот буџет на НВО и други даватели на услуги?

## Б) Родов семафор

Родовиот семафор ни дава можност да одлучиме дали да ја поддржиме политиката, програмата или буџетот на основа на оценката за тоа за каков вид на родова политика, програма и/или буџет се работи. Црвено – стој, жолто - спреми се, зелено – оди.

| | |
|---|---|
| родово неутрални | Родово неутралните програми не даваат внимание на родот, родовата рамноправност и унапредувањето на статусот на жените и мажите, на девојчињата и момчињата. На пример:<br>• Поправка на патишта, воспоставување на водоводна или иригациона мрежа без да се земат предвид потребите на жените и мажите и утврдувањето на korиста на жените и мажите од нив;<br>• Предвидување на помош (вклучително и финансиска), поддршка или услуга без да се земе предвид улогата на жените и мажите, нивните различни интереси, потреби, вештини и способности при дизајнот на услугата или системот за помош и поддршка;<br>• Градење на капацитети кои се „слепи" за различните потреби на мажите и жените. |
| родово специфични | Родово специфичните програми во централниот фокус ја ставаат родовата рамноправност и унапредување на статусот на жените и мажите, девојчињата и момчињата; и имаат за цел исправање на определена нерамноправност. На пример:<br>• Во програмата за јавно здравје се предвидува скрининг програма, освен за рак на матка и за рак на простата;<br>• Се воспоставуваат специјални мерки како одговор на родово основано насилство и сексуално вознемирување;<br>• Мерки за поголемо вклучување на девојките во техничките науки;<br>• Мерки за поголемо вклучување на жените во политиката и економијата (на пример: родов баланс на советници во сите комисии, жени членови во извршни одбори, жени на назначени позиции како директорки, раководителки, координаторки и сл.). |
| родово трансформативни | Родово трансформативните програми имаат за цел да постават нов баланс преку редистрибуција на моќта и воспоставување на балансиран однос меѓу жените и мажите. На пример:<br>· Мерки во програмата за локален економски развој со кои се редистрибуираат финансиски средства за жени да започнат свој бизнис и на тој начин се воспоставува нов баланс на финансиска моќ во семејството, а и во општеството заради економското јакнење на жените;<br>· Мерки во програмата за социјална заштита за отворање на центри за детски развој или градинки во руралните средини го заменуваат неплатениот труд на жените на грижа и овозможуваат тие да имаат можност да бидат економски активни, и политички да учествуваат во носење одлуки;<br>· Мерки за подеднакво родителско отсуство во општината и услугите управувани во општината го редистрибуираат и трансформираат товарот на грижа за децата да го носат во најголем број на случаите жените. |

# АНЕКС 1: Перформанс индикатори

| **Приоритет 1 - Подобрување на патната, комуналната и енергетската инфраструктура;** | мажи | жени | друго | коментар | извор на податок |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на мажи/жени со возачка дозвола (АМСМ) | | | | | |
| Број на мажи/жени кои користат јавен транспорт (општини, јавни претпријатија и приватни фирми кои организираат транспорт, автобуски станици) | | | | | |
| Линии во рурални средини, фреквенција, достапност на услуги на нега за деца (општини, јавни претпријатија и приватни фирми кои организираат транспорт, доставуваат услуги на нега, автобуски станици) | | | | | |
| Учество на мажи и жени во доставување на транспортни услуги (вработени мажи и жени и на кои позиции) (општини, јавни претпријатија и приватни фирми кои организираат транспорт, автобуски станици) | | | | | |
| Перцепција/чувство на безбедност во јавен транспорт, број на случаи на сексуално и физичко насилство врз жени/мажи во јавен транспорт | | | | | |
| Број на мажи – жени кои користат велосипед/ тротинет или друго средство за превоз и урбана мобилност | | | | | |
| Должина на патната инфраструктура | | | | | |
| Должина на инфраструктурата за велосипеди | | | | | |
| Смртност на патиштата (број на сообраќајки и настаната смрт на мажи-жени) МВР | | | | | |
| Должина на патување (мажи - жени), време поминато во патување (транспортни претпријатија) | | | | | |
| Број на мажи - жени кои работат на безбедност во сообраќајот/јавен транспорт (транспортни/ сообраќајни претпријатија) | | | | | |
| Број на семејства каде глава на семејството е жена (ДЗС) | | | | | |
| Стапка на сиромаштија (WB) | | | | | |
| Ранливост на сиромаштија (UN Women), вклучително и енергетска сиромаштија | | | | | |
| Број на мажи – жени кои работат во енергетски сектор (ДЗС) | | | | | |
| Број на мажи - жени во обновливи енергии (ДЗС) | | | | | |
| Број на мажи - жени во образование релевантно за енергетика (ДЗС) | | | | | |
| Број на мажи - жени кои имаат сопственост на имот (земјоделско земјиште) (ДЗС, Катастар) | | | | | |
| Процент на население кое користи чиста вода за пиење (Хидробиолошки завод) | | | | | |
| Процент на население кое користи струја (ЕВН) | | | | | |
| Процент на население кое има пристап до чиста енергија (сонце, ветар, вода) (ЕВН, Министерство за економија) | | | | | |

| **Приоритет 2 - Општински економски развој;** | мажи | жени | друго | коментар | извор на податок |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на вработени /невработени поделени по пол (ДЗС, АВРМ) | | | | | |
| Број на мажи/жени по сектори (сегрегација на пазарот на труд) (АВРМ, ДЗС) | | | | | |
| Број на активни на пазарот на труд поделени по пол (анкета за работна сила, ДЗС) | | | | | |
| Образовна и возрасна структура на невработените поделени по пол (анкета за работна сила, ДЗС) | | | | | |
| Број на лица (мажи/жени) кои активно бараат работа (АВРМ) | | | | | |
| Број на мажи/жени кои се преселиле од вашиот регион во друг регион (поделени по возраст, образовен статус) (ДЗС) | | | | | |
| Број на мажи/жени кои се иселиле од земјава во друга земја (поделени по возраст, образовен статус) (ДЗС) | | | | | |
| Број на студенти во наука, технологија, инженерство и математика (поделени по пол, запишани и завршени) (ДЗС) | | | | | |
| Процент на земја (земјоделско земјиште) контролирана и во сопственост на жени/мажи (Катастар) | | | | | |
| Процент на жени кои имаат моќ да влијаат на одлуките како се користи земјиштето или профитот од земјоделската активност (Анкета за јакнење на жените во земјоделието, Факултет за земјоделски науки и храна) | | | | | |
| Процент на мажи / жени кои користат кредит, финансиска и техничка поддршка (завршни годишни извештаи на комерцијални банки, ЕБРД, МБОР итн.) | | | | | |
| Процент на мажи / жени кои имаат заштеда во банка (завршни годишни извештаи на комерцијални банки) | | | | | |
| Процент на населението кое има пристап до јавен транспорт по локација (урбана/рурална средина) поделени по пол и возраст, посебни потреби, етничка припадност (општини, јавни претпријатија и приватни фирми кои организираат транспорт, автобуски станици) | | | | | |
| Број на мажи/жени кои го користат јавниот транспорт по локација (урбана/рурална средина) поделени по пол и возраст, посебни потреби, етничка припадност (општини, јавни претпријатија и приватни фирми кои организираат транспорт, автобуски станици) | | | | | |
| Како трошат домаќинствата (на кои продукти) каде глава е жена во однос на други домаќинства (Извор:Анкета на домаќинствата, ДЗС) | | | | | |
| **Приоритет 3 - Унапредување на квалитетот на социјалните услуги (здравство, спорт и др.);** | мажи | жени | друго | коментар | извор на податок |
| Број на часови кои мажите/жените го минуваат во неплатена работа на грижа (анкета за користење на времето, ДЗС) | | | | | |
| Број на жени/мажи кои користат породилно отсуство; (извор: ФЗО) | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пропорција на жени кои се враќаат порано на работа од породилно отсуство од вкупен број на жени на породилно отсуство (извор: ФЗО) | | | | | |
| Број на установи кои згрижуваат деца (извор: општина); | | | | | |
| Број на деца згрижени во установи (градинки) машки - женски (извор: општина). | | | | | |
| Број на машки и женски деца запишани во основно, средно училиште (извор: општина) | | | | | |
| Јаз во платите меѓу мажи и жени по сектори (ДЗС) | | | | | |
| Трошоци на домаќинства со глава на семејството жена, споредено со другите домаќинства за образование, здравствена и социјална заштита (ДЗС, анкета на потрошувачка) | | | | | |
| Број на корисници жени/мажи на социјална помош и други социјални трансфери (МТСП, Центри за социјална работа, општина) | | | | | |
| Број на мажи / жени носители на ХИВ/СИДА (ИЈЗ) | | | | | |
| Причини за смртност кај мажи/жени (ИЈЗ) | | | | | |
| Пристапност на здравствени установи за лица со посебни потреби | | | | | |
| Процент на искористеност на задолжителната програма за гинеколошки прегледи (ФЗО, МЗ) | | | | | |
| Број на машки / женски клубови (општина) | | | | | |
| Број на мажи/жени кои активно се занимаваат со спорт/членови на клубови (општина) | | | | | |
| Број на момчиња/девојчиња запишани во основно образование (ДЗС) | | | | | |
| Број на момчиња/девојчиња запишани во средно образование (ДЗС) | | | | | |
| Број на момчиња/девојчиња кои завршиле основно образование (ДЗС) | | | | | |
| Број на момчиња/девојчиња кои завршиле средно образование (ДЗС) | | | | | |
| Пристапност на образовни институции за лица со посебни потреби | | | | | |
| Број на момчиња/девојчиња кои се запишале на факултет по област (ДЗС) | | | | | |
| Традиции и обичаи во регионот кои не ја третираат жената подеднакво со мажот (ја ставаат во подредена положба, ја инфантилизираат) | | | | | |
| Традиции и обичаи каде се огледува родовата дискриминација (јавно прифатливо насилно однесување, вредности, норми и очекувања) врзани со културното наследство | | | | | |
| Број на жени/мажи кои работат во секторот култура | | | | | |
| Број на жени/мажи изведувачи, изложувачи, актери | | | | | |
| Број на културни институции и вработени по пол и по раководна функција | | | | | |
| Настани кои специфично се насочени кон јакнење на улогата на жената во културата | | | | | |
| Перцепции мажи/жени за безбедност на места споменици на културата и културни манифестации | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пристапност на места споменици на културата и културни манифестации, згради, сали за лица со посебни потреби | | | | | |
| Број на жени/мажи кои работат во секторот спорт | | | | | |
| Број на жени/мажи спортисти | | | | | |
| Број на машки / женски спортски клубови | | | | | |
| Настани кои специфично се насочени кон јакнење на женскиот спорт во општината | | | | | |
| Перцепции на мажи/жени за спортот | | | | | |